# Правилник за избор и спроведување на студентски проекти за учебна 2025/2026 година

Овој документ ги регулира правилата за пријавување, избор и спроведување на студентски проекти за учебната 2025/2026 година. Овие проекти ќе бидат финансиски и логистички поддржани од Машинскиот факултет, а како главни извршители ќе се јават студентите во соработка со наставниот и соработничкиот кадар на факултетот.

Во рамките на овој правилник користени се следните термини:

– **Проект**: Активности за професионален развој на студентите кои се јасно дефинирани, и заеднички конципирани кон остварување на јасно прецизирана цел. Проектите опфатени со овој правилник се дефинирани со конкретни цели, активности, времетраење и потребен буџет.
– **Координатор**: Наставник или соработник од Машинскиот факултет при УКИМ апликант на проектот и задолжен за успешното спроведување на проектот.
– **Извршител**: Студенти, наставници и соработници на Машинскиот факултет при УКИМ активно вклучени во изработката и/или имплементацијата на проектните активности.

## 1. Повик за аплицирање проекти наменети за студенти

Повикот за предлог проекти за работа со студенти ќе биде објавен на веб страницата на Факултетот. Повикот ќе ги содржи основните информации за пијаување.

Групата треба да биде составена од најмалку 3 студенти (од прв циклус на студии) поддржани од најмалку еден претставник од наставниот или соработнички кадар на факултетот кој/и се вклучени како дел од тимот. Одговорен (координатор) на проектот мора да биде претставник од наставниот и соработнички кадар на факултетот, додека пак контакт лице може да биде било кој член на тимот.

Се напоменува дека јавниот повик е наменет со цел да се инволвираат студентите. Во секој од овие случаи, како главни извршители мора да се појават студентите. Не е дозволено исти членови да учествуваат во повеќе тимови.

### 1.1. Цели

Целите на проектите за работа со студенти се:

– Да се поттикнат воннаставните активности на студентите со повисок потенцијал;

- Да се зајакне препознатливоста на Машинскиот факултет при УКИМ, кај тековните студенти, но и кај стручната и пошироката јавност;
- Да се поттикне креативноста на разновидни студентски проекти од сите студиски програми, со цел промоција на нивните стекнати компетенции, креативност и применливи знаења;
- Да се изработат материјали преку кои ќе се промовира МФС.

## 1.2. Активности и трошоци

Планирано е да се финансираат вкупно 10 студентски проекти, од кои задолжително по еден проект од секој Институт – вкупно шест, како и дополнителни четири проекти избрани врз основа на дефинирани критериуми, дел од овој правилник.

Буџетот на секој проект поединечно кој ќе го финасира Факултетот иснесува најмногу до 100.000,00 денари. Овие средства ќе се користат искулучиво за набавка материјални трошоци за реализација на проектот, по доставено барање со спецификација за потребните материјали и суровини.

Во соработка со индустријата, дополнително се одобрува и поддржува обезбедување на дополнителен буџет за реализација на проектот. Во завршниот извештај се наведува учеството (придонесот) на компанијата, преку парични средства, материјали, суровини, услуги или сл.

Набавка на софтвер без негово вградување во проектот (хардверска подршка) нема да се смета за проект.

Активностите од проектот треба да завршат најкасно до крајот на месец март 2026 година. Терминот за презентација на проктитите дополнително ќе биде дефиниран.

## 1.3. Критериуми и избор

Проектите кои ќе бидат предложени од страна на Институтите какко задолжителни, нема да бидат вреднувани. Одговрноста за нивната содржина, цели, оправданост и реализацијза ја презема Институтот.

Критериуми за вреднување за останатите четри проекти се следниве:

| Критериуми | Тежински фактор |
|---|---|
| **Можност за независен транспорт на прототипот/моделот/уредот/маќетата од проектот** | 30 % |
| **Вклученост на повеќе студиски програми (мултидициплинарен проект/идеја)** | 30 % |
| **Можност за примена (во каков било облик) во наставата за прв или втор циклус** | 20% |
| **Оргиналност и современост на идејата согласно трендовите во областите во кои се проектите** | 20 % |

### 1.4. Техничка проверка

Одобрените проекти ќе поминат низ техничка проверка за да се осигури дека бараните материјали и суровини (со нивните спецификации) може навремено да се набават. Доколку се увидат недостатоци, контакт лицето и координаторот добиваат доплнителен рок да достават дополнувања и/или корекции.

### 1.5. Евалуација (за групата од четри проекти)

За да еден проект биде прифатен мора да биде вреднуван со најмалку 60% согласно наведените критериуми.

Доколку се достават повеќе од четирите дополнителни проекти, истите ќе бидат разгледани, отценети согласно наведените критериуми и рангирани. Прворангираните четири ќе бидат профатени за реализација.

## 2. Обврзувачки одредби

### 2.1. Сопственост на резултатите и опремата

Резултатите од имплементираните проекти остануваат во сопственост на Машинскиот факултет кој има право да ги користи во промотивни активности.

### 2.2. Признание за вклучените студенти

Студентите од прв циклус на студии кои ќе бидат учесници во проектите (дел од тимот) ќе добијат признание (изразено во број на кредити) во додатокот на дипломата (Diploma Supplement). Бројот на кредити дополнително ќе го усвои ННС.

### 2.3. Известување

Координаторот е должен да го информира Продеканот за МСНР преку e-mail prodekan.nauka@mf.edu.mk, еднаш месечно, за степенот за реализацијата на проектот согласно предвидената динамика од проектната апликација.

На крајот на проектот, координаторот треба да поднесе целосен извештај за реализација на проектот (вклучувајки и финансики извештај), како и да подготви постер големина Б1 за проектот.

Поднесување на предлог проекти

Поднесувањето на предлог проектот се врши со испраќање на пополнет и потпишан Образец А - Формулар за поднесување предлог проект на следната e-mail адреса: **prodekan.nauka@mf.edu.mk и архивата на факултетот, најдоцна до 27.10.2025.**